BOSCH

# Professional HEAVY DUTY

## GWX 14-125 S | GWX 17-125 S | GWX 17-125 PSB



**Robert Bosch Power Tools GmbH**
70538 Stuttgart
GERMANY

**www.bosch-pt.com**

**1 609 92A 9BK** (2025.12) O / 27

1 609 92A 9BK

**mk** Оригинално упатство за работа

Македонски. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . Страница 8


A
(15)
(11)


B
(15)
(11)


C
(15)
(11)


D
(15)
(11)


(1)
(2)(3)
(4)
(5)
(6)
6
(5)
(7)
(8)
(9)
(10)
(9)
(10)
(11)
(13)
(11)
(11)
(15)
(15)
(12)
(14)
(16)
(17)




**GWX 14 - 125 S**
**GWX 17 - 125 S**
**GWX 17 - 125 PSB**


E
❷
4x
❶
❷
4x
❸
0 mm


F

G



# Македонски

## Безбедносни напомени

### Општи предупредувања за безбедност за електрични алати

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** **Прочитајте ги сите безбедносни предупредувања, илустрации и спецификации приложени со овој електричен алат.** Непридржувањето до сите упатства приложени подолу може да доведе до струен удар, пожар и/или тешки повреди.

**Зачувајте ги безбедносните предупредувања и упатства за користење и за во иднина.**

Поимот „електричен алат“ во безбедносните предупредувања се однесува на електрични апарати што користат струја (кабелски) или апарати што користат батерии (акумулаторски).

**Безбедност на работниот простор**

- ▶ **Работниот простор одржувајте го чист и добро осветлен.** Преполни или темни простории може да доведат до несреќа.
- ▶ **Не работете со електричните алати во експлозивна околина, како на пример, во присуство на запаливи течности, гасови или прашина.** Електричните алати создаваат искри коишто може да ја запалат прашината или гасовите.
- ▶ **Држете ги децата и присутните подалеку додека работите со електричен алат.** Невниманието може да предизвика да изгубите контрола.

**Електрична безбедност**

- ▶ **Приклучокот на електричниот алат мора да одговара на приклучницата. Никогаш не го менувајте приклучокот. Не користите приклучни адаптери со заземјените електрични алати.** Неизменетите приклучоци и соодветните приклучници го намалуваат ризикот од струен удар.
- ▶ **Избегнувајте телесен контакт со заземјени површини, како на пример, цевки, радијатори, метални ланци и ладилници.** Постои зголемен ризик од струен удар ако вашето тело е заземјено.
- ▶ **Не ги изложувајте електричните алати на дожд или влажни услови.** Ако влезе вода во електричниот алат, ќе се зголеми ризикот од струен удар.
- ▶ **Не постапувајте несоодветно со кабелот. Никогаш не го користете кабелот за носење, влечење или исклучување од струја на електричниот алат. Кабелот чувајте го подалеку од оган, масло, остри ивици или подвижни делови.** Оштетени или заплеткани кабли го зголемуваат ризикот од струен удар.
- ▶ **При работа со електричен алат на отворено, користете продолжен кабел соодветен за надворешна употреба.** Користењето на кабел соодветен за надворешна употреба го намалува ризикот од струен удар.
- ▶ **Ако мора да работите со електричен алат на влажно место, користете заштитен уред за диференцијална струја (RCD).** Користењето на RCD го намалува ризикот од струен удар.

**Лична безбедност**

- ▶ **Бидете внимателни, внимавајте како работите и работете разумно со електричен алат. Не користете електричен алат ако сте уморни или под дејство на droги, алкохол или лекови.** Еден момент на невнимание додека работите со електричните алати може да доведе до сериозна лична повреда.
- ▶ **Користете лична заштитна опрема. Секогаш носете заштита за очи.** Заштитната опрема, како на пр., маска за прашина, безбедносни чевли коишто не се лизгаат, шлем или заштита за уши, коишто се користат за соодветни услови, ќе доведат до намалување на лични повреди.
- ▶ **Спречете ненамерно активирање. Проверете дали прекинувачот е исклучен пред да го вклучите во струја и/или со сетот на батерии, пред да го земете или носите алатот.** Носење на електричните алати со прстот позициониран на прекинувачот или вклучување во струја на електричните алати чијшто прекинувачот е вклучен, може да предизвика несреќа.
- ▶ **Отстранете каков било клуч за регулирање или француски клуч пред да го вклучите електричниот алат.** Француски клуч или клуч прикачен за ротирачкиот дел на електричниот алат може да доведе до лична повреда.
- ▶ **Не ги пречекорувајте ограничувањата. Постојано одржувајте соодветна положба и рамнотежа.** Ова овозможува подобра контрола на електричниот алат во непредвидливи ситуации.
- ▶ **Облечете се соодветно. Не носете широка облека и накит. Косата и алиштата треба да бидат подалеку од подвижните делови.** Широката облека, накитот или долгата коса може да се закачат за подвижните делови.
- ▶ **Ако се користат поврзани уреди за вадење прашина и собирање предмети, проверете дали се правилно поврзани и користени.** Собирањето прашина може да ги намали опасностите предизвикани од неа.
- ▶ **Не дозволувајте искуството стекнато со честа употреба на алатите да ве направи спокојни и да ги игнорирате безбедносните принципи при нивното користење.** Невнимателно движење може да предизвика сериозна повреда во дел од секунда.

**Употреба и чување на електричните алати**

- ▶ **Не го преоптоварувајте електричниот алат. Користете соодветен електричен алат за намената.** Со соодветниот електричен алат подобро, побезбедно и побрзо ќе ја извршите работата за која е наменет.

- **Не користете електричен алат ако не можете да го вклучите и исклучите со помош на прекинувачот.** Секој електричен алат којшто не може да се контролира со прекинувачот е опасен и мора да се поправи.
- **Исклучете го електричниот алат од струја и/или извадете го сетот на батерии, ако се вади, пред да правите некакви прилагодувања, менувате дополнителна опрема или го складирате електричниот алат.** Со овие превентивни безбедносни мерки се намалува ризикот од случајно вклучување на електричниот алат.
- **Чувајте ги електричните алати подалеку од дофат на деца и не дозволувајте лицата кои не ракувале со електричниот алат или не се запознаени со ова упатство да работат со истиот.** Електричните алати се опасни во рацете на необучени корисници.
- **Одржување на електрични алати и дополнителна опрема. Проверете го порамнувањето или прицврстување на подвижните делови, спојот на деловите и сите други услови што може негативно да влијаат врз функционирањето на електричниот алат. Ако е оштетен, однесете го електричниот алат на поправка пред да го користите.** Многу несреќи се предизвикани заради несоодветно одржување на електричните алати.
- **Острете и чистете ги алатите за сечење.** Соодветно одржуваните ивици на алатите за сечење помалку се виткаат и полесно се контролираат.
- **Електричниот алат, дополнителната опрема, деловите и др., користете ги во согласност со ова упатство, внимавајте на работните услови и работата која ја вршите.** Користењето на електричниот алат за други намени може да доведе до опасни ситуации.
- **Рачките и површините за држење одржувајте ги суви, чисти и неизмастени.** Рачките и површините за држење што се лизгаат не овозможуваат безбедно ракување и контрола на алатот во непредвидливи ситуации.

**Сервисирање**

- **Електричниот алат сервисирајте го кај квалификувано лице кое користи само идентични резервни делови.** Со ова се овозможува безбедно одржување на електричниот алат.

## Безбедносни напомени за аголни брусилки

**Безбедносни предупредувања специфични за брусење, шмирглање, жичано четкање или сечење:**

- **Овој електричен алат е наменет да функционира како алат за брусење, шмирглање, жичано четкање, дупчење или сечење. Прочитајте ги сите безбедносни предупредувања, упатства, илустрации и спецификации приложени со овој електричен алат.** Грешките настанати како резултат на непридржување до сите инструкции приложени подолу може да предизвикаат струен удар, пожар и/или тешки повреди.
- **Операциите како на пр. полирање не се препорачува да се вршат со овој електричен алат.** Операциите за кои не е наменет електричниот алат може да предизвикаат опасност и лична повреда.
- **Не ракувајте со електричниот алат на несоодветен начин што не е препорачан од производителот.** Тоа може да предизвика да изгубите контрола и сериозно да се повредите.
- **Не користете дополнителна опрема која не е специјално дизајнирана и не е препорачана од производителот на алатот.** Само затоа што дополнителната опрема може да се вгради во вашиот електричен алат, не значи дека може да се обезбеди безбедно работење.
- **Утврдената брзина на дополнителната опрема мора да биде најмалку еднаква на максималната брзина означена на електричниот алат.** Дополнителната опрема која работи побрзо од утврдената брзина може да експлодира и да се распрска насекаде.
- **Надворешниот дијаметар и дебелина на вашата дополнителна опрема мора да биде во рамките на класата на вашиот електричен алат.** Дополнителна опрема со несоодветна величина не може соодветно да се заштити и контролира.
- **Димензиите на додатоците за прицврстување мора да се совпаѓаат со димензиите на делот што треба да се прицврсти на електричниот алат.** Дополнителната опрема која не е соодветна на хардверот на електричниот алат не може да одржува рамнотежа, заради прекумерните вибрации и може да предизвика губење на контрола.
- **Не користете оштетена дополнителна опрема. Пред употреба проверете ја дополнителната опрема, како на пр., абразивните дискови за иверки и струготини, заштитната подлога за отвори, стружење или претерано абење, жичаната четка за олабавени или пукнати жици. Ако електричниот алат или дополнителната опрема падне, проверете дали е оштетена или инсталирајте неоштетена дополнителна опрема. По проверката и инсталирањето на дополнителната опрема, вие и луѓето во близина поместете се подалеку од површината на ротирачката опрема, и вклучете го електричниот алат на максимална брзина без оптоварување една минута.** Оштетената дополнителна опрема вообичаено се расипува во текот на овој тест период.
- **Носете лична заштитна опрема. Во зависност од примената, користете штитник за лице, безбедносни или заштитни очила. Како што е соодветно, носете маска за заштита од прашина, штитници за уши, ракавици и работничка престилка, којашто ги запира малите абразивни парчиња или парчиња од делот што го обработувате.** Заштитата за очи мора да спречува

навлегување остатоци што се распрскуваат при работењето. Маската против прав или респираторот мора да ги филтрира честичките што се генерираат при работењето. Долготрајна изложеност на интензивна бучава може да доведе до губење на слухот.

- **Луѓето во ваша близина треба да бидат оддалечени од работниот простор. Секој што влегува во работниот простор мора да носи лична заштитна опрема.** Парчиња од делот што го обработувате или расипана дополнителна опрема може да експлодира и распрска и да предизвика повреда надвор од непосредната работна површина.
- **Држете го електричниот алат за изолираната површина додека сечете за да не дојде во контакт со скриена жица или со неговиот кабел.** Ако опремата за сечење дојде во допир со „жица под напон", може да ги изложи металните делови на електричниот алат „под напон" и операторот може да добие струен удар.
- **Тргнете го настрана кабелот од ротирачка дополнителна опрема.** Ако изгубите контрола, кабелот може да се пресече или закачи и вашата дланка или рака може да влезе во ротирачката дополнителна опрема.
- **Не го оставајте електричниот алат долу додека дополнителната опрема не запре целосно.** Ротирачката опрема може да ја зафати површината и да го повлече електричниот алат надвор од ваша контрола.
- **Не го вклучувајте електричниот алат додека го држите свртен кон вас.** Случаен контакт со ротирачка дополнителна опрема може да ја закачи вашата облека, со повлекување на дополнителната опрема кон вашето тело.
- **Редовно чистете ги воздушните вентили на електричниот алат.** Вентилаторот на моторот повлекува прав во куќиштето, а претераната акумулација на метален прав може да предизвика опасност од електричен удар.
- **Не работете со електричниот алат во близина на запаливи материјали.** Искрите можат да ги запалат овие материјали.
- **Не користете дополнителна опрема за која се потребни течни разладувачи.** Користењето вода или други течни разладувачи може да доведе до смрт или струен удар.

**Предупредувања за одбивање и слични предупредувања:**

Одбивање е ненадејна реакција на приклештен или закачен ротирачки диск, потпорен диск, четка или друга дополнителна опрема. Приклештувањето или закачувањето предизвикува брзо маневрирање на ротационата дополнителна опрема, кое од друга страна, предизвикува присилно насочување на неконтролираниот електричен алат во спротивен правец од ротирањето на опремата во точката на навалување.

На пример, ако абразивен диск е закачен или приклештен од делот што го обработувате, острицата на дискот која влегува во приклештената точка може да се зарие во површината на материјалот и дискот да се помести или ослободи. Дискот може да скокне или одбие од операторот, во зависност од насоката на движење на дискот во точката на приклештување. Абразивните дискови, исто така, може да се искршат под овие услови. Одбивањето е резултат на погрешна употреба и/или несоодветни оперативни постапки или услови и може да се избегне со преземање на соодветните превентивни мерки приложени подолу.

- **Цврсто држете го електричниот алат и поставете го телото и рацете така што ќе овозможите отпор на силите на одбивање. Секогаш користете помошна рачка, доколку има, за максимална контрола на одбивањето или силата на вртење при вклучување.** Операторот може да ги контролира реакциите на силата на вртење или силите на одбивање, доколку се преземат соодветни превентивни мерки.
- **Не ја ставајте раката во близина на ротирачката дополнителна опрема.** Дополнителната опрема може да се одбие преку вашата рака.
- **Не го позиционирајте вашето тело во областа каде електричниот алат се движи, доколку настане одбивање.** Одбивањето ќе го придвижи алатот во спротивен правец од движењето на дискот во точката на закачување.
- **Обрнете посебно внимание при изработка на агли, остри рабови и др. Избегнувајте отскокнување и закачување на дополнителната опрема.** Аглите, острите рабови или отскокнувањето може да доведат до закачување на дополнителната опрема и да предизвикаат губење на контрола или одбивање.
- **Не закачувајте сечило за длабење, сегментирани дијамантски дискови со периферна празнина поголема од 10 mm или назабено сечило за пила.** Овие сечила предизвикуваат брзи одбивања и губење на контрола.

**Безбедносни предупредувања специфични за брусење и сечење:**

- **Користете само видови на дискови специјално наменети за вашиот електричен алат и соодветната заштита за избраниот диск.** Дискови коишто не се дизајнирани за дадениот електричен алат не може соодветно да се заштитат и не се безбедни.
- **Површината за брусење на централните потиснати дискови мора да се инсталира под рамнината на заштитниот поклопец.** Неправилно монтиран диск којшто се протега преку рамнината на заштитната рамка не може соодветно да се заштити.
- **Заштитата мора да биде безбедно прицврстена на електричниот алат, и соодветно поставена за да обезбеди максимална безбедност, така што минимален дел од дискот да биде изложен кон операторот.** Заштитата го заштитува операторот од

скршените парчиња на дискот, случаен контакт со дискот и искри коишто можат да ја запалат облеката.

▶ **Дисковите мора да се користат само за соодветни намени. На пример: не користете диск за сечење за странично брусење.** Абразивните дискови за сечење се наменети за периферно брусење, страничните сили што се применуваат на овие дискови може да предизвикаат нивно распарчување.

▶ **Секогаш користете неоштетени прирабници за дискови со правилна величина и форма за вашиот избран диск.** Соодветните прирабници за дискови го потпираат дискот со што се намалува можноста од кршење на дискот. Прирабниците за дискови за сечење може да се разликуваат од прирабниците за дискови за брусење.

▶ **Не употребувајте користени дискови од поголеми електрични алати.** Диск наменет за поголеми електрични алати не е соодветен за големи брзини на мали алати и може да се распрсне.

▶ **Кога користите дискови со двојна намена, секогаш користете ја соодветната заштита за работата што ја вршите.** Ако не го користите соодветниот штитник, истиот може да не заштитува правилно и со тоа може сериозно да се повредите.

**Дополнителни безбедносни предупредувања специфични за сечење:**

▶ **Не го “притискајте” дискот за сечење и не применувајте прекумерен притисок. Не настојувајте да направите прекумерно длабок засек.** Преоптоварувањето на дискот го зголемува оптоварувањето и осетливоста на виткање и навалување на дискот во засекот и можноста за одбивање или кршење на дискот.

▶ **Не застанувајте во линија и зад ротирачкиот диск.** Кога дискот, во текот на операцијата, се движи подалеку од вашето тело, одбивањето може да го придвижи ротирачкиот диск и моќниот алат директно кон вас.

▶ **Кога дискот се навалува или кога го прекинува сечењето заради некоја причина, исклучете го алатот и држете го неподвижен додека дискот целосно не запре. Никогаш не настојувајте да го извадите дискот за сечење од засекот додека се движи или може да дојде до одбивање.** Проверете и преземете соодветно дејство за да ја елиминирате причината за навалување на дискот.

▶ **Не започнувајте повторно со сечење во делот што го обработувате. Почекајте додека дискот да достигне целосна брзина и внимателно влезете повторно во засекот.** Дискот може да се навали, придвижи или одбие ако го рестартирате моќниот алат во делот што го обработувате.

▶ **Потпрете ги плочите или преголемиот дел што го обработувате за да го намалите ризикот од приклештување и одбивање на дискот.** Големите делови што ги обработувате се искривуваат под својата тежина. Потпирачите мора да се ставаат под делот што го обработувате покрај линијата на засекот и покрај ивицата на делот што го обработувате на двете страни на дискот.

▶ **Користете дополнителни мерки за претпазливост кога правите “џебен засек” во постоечки ѕидови или други слепи површини.** Климав диск може да пресече цевки за гас или вода, електрични жици или предмети кои може да предизвикаат одбивање.

▶ **Не обидувајте се да длабите.** Преголемиот притисок на дискот го зголемува оптоварувањето и осетливоста на виткање и искривување на дискот во засекот и можноста за одбивање или кршење на дискот, што може да доведе до сериозна повреда.

**Безбедносни предупредувања специфични за шмирглање:**

▶ **Користете соодветна голема на шмиргла за дискот. Следете ги упатствата на производителите, кога бирате шмиргла.** Големите шмиргли кои ја надминуваат подлогата за шмирглање претставуваат опасност и може да предизвикаат закачување, кинење на дискот или одбивање.

**Безбедносни предупредувања специфични за жичано четкање:**

▶ **Внимавајте бидејќи четката исфрла жичани влакна дури и за време на вообичаени операции. Не ги преоптоварувајте жиците со преоптоварување на четката** Жичаните влакна може лесно да навлезат во облека и/или кожа.

▶ **Ако се препорачува користење на заштита за жичано четкање, не дозволувајте попречување меѓу жичаниот диск или четката со заштита.** Жичаниот диск или четка може да се прошират во дијаметар заради работното оптоварување и центрифугалните сили.

**Дополнителни безбедносни напомени**



**Носете заштитни очила.**



**Заштитниот капак не смее да се користи за исклучување.** Со соодветен додаток, заштитниот капак може да се користи и за исклучување.



**При работата, држете го електричниот алат цврсто со двете дланки и застанете во сигурна положба.** Со електричниот алат посигурно ќе управувате ако го држите со двете дланки.

▶ **Користете соодветни уреди за пребарување, за да ги пронајдете скриените електрични кабли или консултирајте се со локалното претпријатие за снабдување со електрична енергија.** Контактот со електрични кабли може да доведе до пожар и струен удар. Оштетувањето на гасоводот може да доведе до експлозија. Навлегувањето во водоводни цевки

предизвикува оштетување и може да предизвика електричен удар.

- ▶ **Не ги допирајте брусните плочи и дисковите за сечење додека не се оладат.** Плочите за време на работењето стануваат многу жешки.
- ▶ **Деблокирајте го прекинувачот за вклучување/исклучување и ставете го во позиција Исклучено, доколку се прекине напојувањето со струја, на пр. по снемување струја или влечење на струјниот приклучок.** Со тоа ќе спречите неконтролирано рестартирање на уредот.
- ▶ **Зацврстете го парчето што се обработува.** Доколку го зацврстите со уред за затегнување или менгеме, тогаш парчето што се обработува се држи поцврсто отколку со Вашата рака.
- ▶ **Складирајте ги алатите за вметнување во објекти односно во простории кои се суви, со соодветна температура и без опасност од замрзнување.**
- ▶ **Пред транспорт на уредот отстранете ги алатите за вметнување.** На овој начин ќе избегнете оштетување.
- ▶ **Поврзаните дискови за брусење и сечење имаат датум на истекување, по кој дисковите не смеат да се користат.**

# Опис на производот и перформансите



**Прочитајте ги сите безбедносни напомени и упатства.** Грешките настанати како резултат од непридржување до безбедносните напомени и упатства може да предизвикаат електричен удар, пожар и/или тешки повреди.

Внимавајте на сликите во предниот дел на упатството за користење.

## Употреба со соодветна намена

Електричниот алат е наменет за сечење и четкање на метал, камен, пластика и композитен материјал, за грубо брусење на метал, пластика и композитен материјал како и за дупчење во камени материјали со дијамантска крунеста бургија без употреба на вода. Притоа, осигурајте се дека користите правилна заштитна хауба (види „Употреба“, Страница 17).

При сечењето во камен погрижете се за доволно вшмукување на правта.

Со дозволените алати за брусење електричниот алат може да се користи за брусење со брусна хартија.

Електричниот алат не смее да се користи за брусење камени материјали со дијамантска лончеста плоча.

## Илустрација на компоненти

Нумерирањето на илустрираните компоненти се однесува на приказот на електричниот алат на графичката страница.

**(1)** Лост за отклучување на заштитниот капак
**(2)** Стрелка за правец на вртење на куќиштето
**(3)** Рачка
**(4)** Прекинувач за вклучување/исклучување **(GWX 14-125 S / GWX 17-125 S)**
**(5)** Филтер за прав **(GWX 14-125 S)**[a)]
**(5)** Филтер за прав **(GWX 17-125 S / GWX 17-125 PSB)**
**(6)** Копче за контрола на бројот на вртежи
**(7)** Прекинувач за вклучување/исклучување **(GWX 17-125 PSB)**
**(8)** Рачка за ослободување за прекинувачот за вклучување/исклучување **(GWX 17-125 PSB)**
**(9)** Стандардна-дополнителна рачка (изолирана површина на рачката)[a)]
**(10)** Дополнителната рачка за придушување на вибрациите (изолирана површина на рачката)
**(11)** Заштитен капак за брусење
**(12)** X-LOCK-брусна плоча/ламелеста брусна плоча[a)]
**(13)** Заштитен капак за сечење[a)]
**(14)** X-LOCK-плочеста четка[a)]
**(15)** Поклопец за сечење
**(16)** X-LOCK-диск за сечење[a)]
**(17)** X-LOCK-дијамантски диск за сечење[a)]
**(18)** X-LOCK-прифат
**(19)** Заштита за рацете[a)]
**(20)** X-LOCK-потпорен диск за влакнести дискови[a)]
**(21)** X-LOCK-влакнест диск[a)]
**(22)** X-LOCK-стега за влакнест диск[a)]
**(23)** X-LOCK-лончеста четка[a)]
**(24)** X-LOCK-конусна четка[a)]
**(25)** X-LOCK-дијамантска крунеста бургија[a)]
**(26)** Рачка (изолирана површина на рачката)
**(27)** Капак за всисување за сечење со лизгачки водилки[a)]

a) **Опишаната опрема прикажана на сликите не е дел од стандардниот обем на испорака.**

## Технички податоци

| Аголна брусилка | | GWX 14-125 S | GWX 17-125 S | GWX 17-125 PSB |
|---|---|---|---|---|
| Број на дел | | **3 601 GD2 1..** | **3 601 GD2 3..** | **3 601 GD3 7..** |
| Номинална јачина | W | 1400 | 1700 | 1700 |
| Излезна моќност | W | 830 | 1010 | 1010 |

| Аголна брусилка | | GWX 14-125 S | GWX 17-125 S | GWX 17-125 PSB |
|---|---|---|---|---|
| Номинален број на вртежи во празен од[A)] | $min^{-1}$ | 11500 | 11500 | 11500 |
| Подрачје на подесување на бројот на вртежи | $min^{-1}$ | 2800–11500 | 2800–11500 | 2800–11500 |
| макс. дијаметар на брусната плоча/гумениот брусен диск | mm | 125 | 125 | 125 |
| Одредување број на вртежи | | ● | ● | ● |
| Заштита од рестартирање | | ● | ● | ● |
| Мек старт | | ● | ● | ● |
| Константна електроника | | ● | ● | ● |
| Исклучување при повратен удар | | ● | ● | ● |
| Сопирачка за исфрлување од брзина | | – | – | ● |
| Исклучување при удар | | – | – | ● |
| Тежина[B)] | kg | 2,3 | 2,3 | 2,5 |
| Класа на заштита | | ⧈ / II | ⧈ / II | ⧈ / II |

A) Номинален број на вртежи во празен од според EN IEC 62841-2-3 за избирање соодветни алати за вметнување. Вистинскиот број на вртежи во празен од не смее да го надмине номиналниот број на вртежи во празен од и затоа е помал.

B) Со заштитен поклопец **(11)** и дополнителна рачка **(10)**, без струен кабел

Податоците важат за номинален напон [U] од 230 V. Овие податоци може да отстапуваат при различни напони, во зависност од изведбата во односната земја.

Вредностите може да варираат во зависност од производот и зависат од примената и условите на животната средина. Повеќе информации може да најдете на www.bosch-professional.com/wac.

## Информации за бучава/вибрации

| | | GWX 14-125 S | GWX 17-125 S | GWX 17-125 PSB |
|---|---|---|---|---|
| | | **3 601 GD2 1..** | **3 601 GD2 3..** | **3 601 GD3 7..** |
| Вредностите за емисија на бучава се одредуваат согласно **EN IEC 62841-2-3**. | | | | |
| Нивото на звук на електричниот алат оценето со А типично изнесува | | | | |
| Ниво на звучен притисок | dB(A) | **94** | **97** | **94** |
| Ниво на звучна јачина | dB(A) | **102** | **105** | **102** |
| Несигурност K | dB | **3** | **3** | **3** |
| **Носете заштита за слухот!** | | | | |
| Вредности на вибрации $a_h$ (континуирани вибрации), $p_F$ (повторени ударни вибрации) и несигурност K утврдени според **EN IEC 62841-2-3**: | | | | |
| **Брусење на површини (грубо брусење) и сечење со брусни плочи:** | | | | |
| $a_{h, AG/CO}$ (K) | $m/s^2$ ($m/s^2$) | **4,7 (1,5)** | **5,9 (1,5)** | **4,3 (1,5)** |
| $p_{F, AG/CO}$ (K) | $m/s^2$ ($m/s^2$) | **173 (6)** | **198 (10)** | **149 (4)** |
| **Брусење со брусен лист[A)]:** | | | | |
| $a_{h,DS}$ (K) | $m/s^2$ ($m/s^2$) | **3,5 (1,5)** | **3,5 (1,5)** | **5 (1,5)** |
| $p_{F,DS}$ (K) | $m/s^2$ ($m/s^2$) | **93 (10)** | **93 (10)** | **162 (6)** |

A) се одредува со потпорен диск, тип средно тврд

Брусењето тенки лимови или други материјали со мала вибрација со голема површина може да резултира со зголемена вредност за емисија на бучава до 15dB. Со соодветни антивибрациони подлоги може да се намали зголемената емисија на бучава. Зголемената емисија на бучава мора да се земе предвид и при проценката на ризикот од јачината на бучавата и при изборот на соодветна заштита за слухот.

Нивото на вибрации наведено во овие упатства и вредноста на емисијата на бучава се измерени според мерни постапки и можат да се користат за споредба меѓу електрични алати. Исто така може да се прилагоди за предвремена процена на нивото на вибрации и емисијата на бучава.

Наведеното ниво на вибрации и вредноста на емисијата на бучава ги претставуваат главните примени на електричниот алат. Доколку електричниот алат се користи за други примени, алатот што се вметнува отстапува од нормите или недоволно се одржува, нивото на вибрации и вредноста на емисијата на бучава можат да

отстапуваат. Ова може значително да го зголеми нивото на вибрации и емисијата на бучава во целокупниот период на работење.

За прецизно одредување на нивото на вибрации и емисијата на бучава, треба да се земе предвид периодот во кој уредот е исклучен или работи, а не во моментот кога е во употреба. Ова може значително да го намали нивото на вибрации и емисијата на бучава во целокупниот период на работење.

Утврдете ги дополнителните мерки за безбедност за заштита на корисникот од влијанието од вибрациите, како на пр.: одржување на електричните алати и алатите за вметнување, одржување на топлината на дланките, организирање на текот на работата.

## Заштита од рестартирање

Заштитата од рестартирање го спречува неконтролираното вклучување на електричниот алат по прекин на струја.

За **повторно вклучување** ставете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(4)** во исклучена позиција и одново вклучете го електричниот алат.

## мек старт

Електронскиот мек старт го ограничува вртежниот момент при вклучувањето и му овозможува на електричниот алат непречено да се вклучи.

**Напомена:** Ако електричниот алат работи со полна брзина веднаш откако ќе се вклучи, мекото стартување и заштита од рестартирање се дефектни. Електричниот алат мора веднаш да се испрати до сервисната служба, адресите ќе ги најдете во делот „Сервисна служба и совети за користење“.

## Константна електроника

Константната електроника држи постојан број на вртежи при празен од и оптоварување и овозможува иста постојана јачина при работењето.

## Исклучување при повратен удар

При ненадејна пречка на електричниот алат, на пр. блокирање на резот при сечење, доводот на струја до моторот електронски ќе се прекине.

За **повторно вклучување** ставете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(4)** во исклучена позиција и одново вклучете го електричниот алат.

## Сопирачка за исфрлување од брзина X-LOCK

**(GWX 17-125 PSB)**

Електричниот алат има електронска сопирачка за исфрлување од брзина. При исклучување на електричниот алат или при прекин на доводот на струја, бусниот алат ќе запре за неколку секунди. Кога ќе се активира исклучувањето при удар или исклучување при повратен удар, електричниот алат запира уште побрзо.

## Исклучување при удар

**(GWX 17-125 PSB)**

Интегрираното исклучување при удар го исклучува електричниот алат, штом по пад се најде на земјата.

## Одредување на број на вртежи

Со вртливото копче за претходно подесување на бројот на вртежи **(6)** можете да го изберете потребниот број на вртежи и за време на користењето на алатот, кога филтерот за прав **(5)** не е монтиран. Во спротивно, претходно отстранете го филтерот за прав **(5)**. Податоците во приложената табела се препорачани вредности.

| Материјал | Примена | Алат за вметнување | Позиција на копчето за подесување |
|---|---|---|---|
| Метал | Отстранување на боја | Брусно сечило | 2–3 |
| Метал | Четкање, вадење 'рѓа | Лончести четки, лист за брусење | 3 |
| Не'рѓосувачки челик | Брусење | Брусна плоча/влакнест диск | 4–6 |
| Метал | Грубо брусење | Брусна плоча | 6 |
| Метал | Сечење | Диск за сечење | 6 |
| Камен | Сечење | Дијамантски диск за сечење | 6 |

▶ **Утврдената брзина на дополнителната опрема мора да биде најмалку еднаква на максималната брзина означена на електричниот алат.** Дополнителната опрема која работи побрзо од утврдената брзина може да експлодира и да се распрска насекаде.

| Степен на избор на вртежи | [$min^{-1}$] |
|---|---|
| 1 | 2800 |
| 2 | 4500 |
| 3 | 6200 |

| Степен на избор на вртежи | [$min^{-1}$] |
|---|---|
| 4 | 7900 |
| 5 | 9600 |
| 6 | 11500 |

Зададените вредности за степенот на вртежи се референтни вредности.

# Монтажа

## Монтирање на заштитен уред

- **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**

**Напомена:** По кршењето на брусната плоча за време на работата или при оштетување на уредот за прифат на заштитната хауба/електричниот алат, тој мора да се прати во сервисната служба, за адресата погледнете во делот „Сервисна служба и совети при користење“.

**Заштитен капак за брусење**



Ставете го заштитниот капак **(11)** на прифатот од електричниот алат, додека кодираните запци на заштитниот капак не се поклопат со прифатот. Притоа, притиснете го и држете го лостот за отклучување **(1)**.

Притиснете го заштитниот капак **(11)** на грлото на вретеното додека венецот на заштитниот капак не легне на прирабницата на електричниот алат и вртете го заштитниот капак додека не осетите дека се вклопил.

Подесете ја позицијата на заштитната хауба **(11)** според потребите на работниот процес. Притоа, притиснете го лостот за отклучување **(1)** нагоре и завртете го заштитниот капак **(11)** во саканата позиција.

- **Секогаш поставувајте го заштитниот капак (11) така што двата запци на лостот за отклучување (1) во соодветните отвори на заштитниот капак (11) ќе влезат.**
- **Поставете ја заштитната хауба (11) на тој начин што ќе го спречи летањето на искри во правец на лицето што ја користи.**
- **Во правецот на вртење на опремата заштитниот капак (11) смее да се врти само со притискање на лостот за отклучување (1)! Инаку, електричниот алат не смее да се користи и мора да се предаде на сервисната служба.**

**Напомена:** Кодираните запци на заштитниот капак **(11)** гарантираат, дека на електричниот алат може да се монтира само еден заштитен капак што му одговара.

**Заштитна хауба за сечење**

- **За сечење секогаш користете заштитна хауба за сечење (13) или заштитна хауба за брусење (11) заедно со поклопецот за сечење (15)**.
- **При сечењето во камен погрижете се за доволно вшмукување на правта.**

Заштитната хауба за сечење **(13)** се монтира како заштитна хауба за брусење **(11)**.

**Поклопец за сечење од метал**

Монтирајте го поклопецот за сечење **(15)** од метал на заштитната хауба за брусење **(11)** (види слика **A**):
Навалете го заштитниот држач station наназад (❶). Ставете го поклопецот **(15)** на заштитната хауба за брусење **(11)** (❷). Цврсто притиснете го заштитниот држач за прицврстување на заштитната хауба **(11)** (❸).
За демонтирање (види слика **B**) притиснете го копчето на заштитниот држач (❶) и навалете го наназад (❷). Извлечете го поклопецот **(15)** од заштитната хауба **(11)** (❸).

**Поклопец за сечење од пластика**

Ставете го поклопецот за сечење **(15)** од пластика на заштитната хауба за брусење **(11)** (види слика **C**).
Поклопецот **(15)** се вклопува звучно и видливо на заштитната хауба **(11)**.
За демонтирање (види слика **D**) отклучете го поклопецот **(15)** на заштитната хауба **(11)** (❶) лево или десно и извлечете го поклопецот (❷).

**Хауба за вшмукување при сечење со лизгачка водилка**

Заштитната хауба за сечење со лизгачки водилки **(27)** се монтира како заштитна хауба за брусење.

Со прицврстување на дополнителната рачка **(9)**/**(10)** низ заштитниот држач на хаубата за всисување до менувачот, електричниот алат е цврсто поврзан со хаубата за всисување. На хаубата за всисување со лизгачки водилки **(27)** може да се поврзе соодветен Bosch-всисувач за прав. За таа цел, ставете го цревото за всисување со адаптерот за всисување во предвидените делови за вметнување на хаубата за всисување.

**Напомена:** Триењето предизвикано од прашината во цревото за всисување и додатоците за време на всисувањето предизвикува електростатичко полнење што корисникот може да го доживее како статичко празнење (во зависност од факторите на животната средина и неговата физиолошка состојба). Bosch генерално препорачува употреба на антистатичко црево за всисување (додаток) за всисување фина прашина и суви материјали.

**Заштита за дланките**

- **Секогаш монтирајте ја заштитата за раце кога работите со гумениот брусен диск (20) или со лончестата четка/конусната четка/дијамантската круneста бургија (19)**.

Зацврстете ја заштитата за рацете **(19)** со дополнителната рачка **(9)**.

**Стандардна-дополнителна рачка/дополнителна рачка за придушување на вибрациите**

Навртете ја дополнителната рачка **(9)/(10)** од десно или од лево на погонската глава во зависност од начинот на работа.

- ▶ **Користете го вашиот електричен алат само со дополнителна рачка (9)/(10)**.
- ▶ **Не продолжувајте со работа со електричниот алат, ако дополнителната рачка (9)/(10) е оштетена. Не вршете промени на дополнителната рачка (9)/(10).**

**Vibration** Control Дополнителната рачка за придушување на вибрациите **(10)**овозможува работење со мали вибрации и пријатна и безбедна работа.

## Монтирање и демонтирање на брусни алати

**Внимавајте на посебните напомени за монтирање кај алатите за вметнување X-LOCK.**

- ▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**
- ▶ **Не ги допирајте брусните плочи и дисковите за сечење додека не се оладат.** Плочите за време на работењето стануваат многу жешки.
- ▶ Користете само оригинални X-LOCK-алати за вметнување што го имаат логото X-LOCK. Само со оригинални X-LOCK-алати за вметнување се гарантира дека ќе се одржи дебелината на стегање од макс. 1,6 mm. Поголема дебелина на стегање може да доведе до небезбедно стегање, по што може да се олабави стегата.
- ▶ За X-LOCK-алатите за вметнување не требаат стезна и потпорна прирабница.
- ▶ Внимавајте на тоа да не се деформираат алатот што се вметнува и прифатот и да нема нечистоти и други честички на нив.

Внимавајте на димензиите на алатите за брусење.

Проверете дали **двете** X-LOCK-резиња за вклопување се отворени (види следна слика), пред да се монтира X-LOCK-алатот за вметнување.

Ев. исчистете го делот меѓу двете X-LOCK-резиња за вклопување.

**Монтирање на алатот за брусење**

❶ Поставете ја брусната плоча/брусната плоча за сечење/ламелестата брусна плоча центрирано и паралелно со површина на налегнување и со точната страна нагоре на X-LOCK-прифатот.

❷ Притиснете ја подлошката во правец на прифатот.

❸ Се слуша кога подлошка ќе се вклопи. Притоа не ја притискајте рачката **(3)**.




- ▶ **По монтажата проверете работ на алатот за брусење (❹) да не е повисок од референтната површина (❺) и со тоа правилно да се монтира. Ако работ е повисок, мора да се исчисти прифатот или на алатот за брусење веќе да не се користи.**

**Пред демонтажата на брусната плоча/брусната плоча за сечење/ламелестата брусна плоча:** Проверете дали електричниот алат е во мирување.

**Демонтирање на алатот за брусење**

❶ Отворете ја рачката **(3)**.

❷ Брусната плоча/брусната плоча за сечење/ламелестата брусна плоча се олабавува.

❸ Брусната плоча/брусната плоча за сечење/ламелестата брусна плоча може да се извади.




## Дозволени алати за брусење

Може да ги користите сите алати за брусење наведени во ова упатство за употреба.

Дозволениот број на вртежи [min$^{-1}$] одн. периферната брзина [m/s] на употребениот алат за брусење мора да одговара на податоците во следната табела.

Затоа внимавајте на дозволениот **број на вртежи одн. периферната брзина** на етикетата на алатот за брусење.

| | макс. [mm] | | | [mm] | [°] |  |  |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | D | b | s | d | α | [$min^{-1}$] | [m/s] |
|  | 125 | 7,2 | – | X-LOCK | –<br>– | 11500 | 80 |
|  | 125 | 4,2 | – | X-LOCK | – | 11500 | 80 |
|  | 125 | – | – | X-LOCK | – | 11500 | 80 |
|  | 75 | 30 | – | X-LOCK | – | 11500 | 80 |
|  | 125 | 19 | – | X-LOCK | – | 11500 | 80 |
|  | 125 | – | – | X-LOCK | – | 11500 | 80 |
|  | 83 | – | – | X-LOCK | – | 11500 | 80 |
|  | 125 | 6 | 10 | X-LOCK | > 0 | 11500 | 80 |

## Вртење на погонската глава (види слика E)

- ▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**

Погонската глава може да ја вртите со чекори оѕд 90°. Притоа, прекинувачот за вклучување/исклучување за специјалните случаи на работа може да се постави во поповолна позиција за ракување, на пр. за леворраки лица.

Целосно одвртете ги 4-те завртки (❶). Внимателно навалете ја погонската глава **и без да ја извадите од куќиштето** ставете ја во новата позиција (❷). Повторно навртете ги 4-те завртки (❸).

## Демонтирање на филтерот за прав (види слики F и G )

Извадете го филтерот за прав **(5)** од долната страна на електричниот алат во правец на стрелките на часовникот.

Не фаќајте и извлекувајте го филтерот за прав **(5)** странично.

## Намалување на прашината

Избегнувајте да работите без мерки за намалување на прашината. Електричниот алат може да се комбинира со додатоци за намалување на прашината заедно со всисувачот, во зависност од примената,(види „Хауба за вшмукување при сечење со лизгачка водилка“, Страница 15).

Секогаш користете соодветна респираторна заштита. Внимавајте на важечките прописи на Вашата земја за материјалот кој го обработувате.

- ▶ **Избегнувајте собирање прав на работното место.** Правта лесно може да се запали.

| Барања за всисувачот | | |
|---|---|---|
| Препорачан номинален дијаметар на цревото | mm | **35** |
| Потребен потпритисок[A)] | mbar<br>hPa | ≥ **230**<br>≥ **230** |
| Потребна количина на проток[A)] | l/s<br>$m^3/h$ | ≥ **36**<br>≥ **129,6** |
| Препорачана ефикасност на филтерот | | Класа на прашина M[B)] |

A) Вредност на моќноста на приклучокот за всисување на електричниот алат

B) Според IEC/EN 60335-2-69

Следете го упатството на всисувачот. Престанете да работите кога ќе се намали моќноста на всисување и отстранете ја причината.

# Употреба

- ▶ **Не го оптоварувајте многу електричниот алат, додека не дојде во состојба на мирување.**
- ▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**
- ▶ **Внимавајте на процепите во носечките ѕидови „Напомени за статика“.**
- ▶ **Затегнете го делот што се обработува, доколку не налегнува сигурно со својата тежина.**
- ▶ **По силното оптоварување, оставете го електричниот алат уште неколку минути во празен од, за да се излади.**
- ▶ **Електричниот алат не го користете со држач за сечење.**
- ▶ **Не ги допирајте брусните плочи и дисковите за сечење додека не се оладат.** Плочите за време на работењето стануваат многу жешки.

## Совети при работењето

### Грубо брусење

- ▶ **При грубото брусење со композитни брусни средства секогаш користете ја заштитната хауба за брусење (11).**
- ▶ **Никогаш не ги користите брусните плочи за сечење за грубо брусење.**
- ▶ **При грубото брусење заштитната хауба за сечење (13) или заштитната хауба за брусење (11) со монтиран поклопец за сечење (15) може да удри**

**во делот што се обработува и да доведе до губење на контролата.**

Со подесување на аголот од 30° до 40° при грубо брусење ќе добиете најдобри резултати при работењето. Поместувајте го електричниот алат напред и назад со умерен притисок. Притоа, делот што се обработува нема да се вжешти, да се ја промени бојата и нема да има бразди.

- ▶ При употребата на композитни плочи, кои се одобрени и за сечење и за брусење, може да се користи заштитната хауба за сечење **(13)** одн. заштитната хауба за брусење **(11)** со монтиран поклопец за сечење**(15)**.

**Површинско брусење со ламелеста брусна плоча**

- ▶ **При брусење со ламелеста брусна плоча секогаш користете ја заштитната хауба за брусењето (11)**.

Со ламелестата брусна плоча во вид на лепеза (опрема) може да обработувате заоблени површини и профили. Ламелестите брусни плочи во вид на лепеза имаат подолг рок на употреба, пониско ниво на бучава и пониски температури при брусењето отколку вообичаените брусни плочи.

**Површинско брусење со брусен диск**

- ▶ **При работењето со гумен диск за брусење (20) секогаш монтирајте ја заштитата за рацете (19).**

Брусењето со брусен диск може да се изврши без заштитна хауба.

Редоследот на монтажата може да се види на графичката карта.

**Лончеста четка/плочеста четка/конусна четка**

- ▶ **При четкањето со плочеста четка секогаш користете ја заштитната хауба за брусење (11). Четкањето со лончеста четка/конусна четка може да се изврши без заштитна хауба.**
- ▶ **При работењето со лончеста или конусна четка секогаш монтирајте ја заштитата за рацете (19).**
- ▶ **Жиците на плочестите четки може да се заглават на заштитната хауба и да се скршат ако се надминат максимално дозволените димензии на плочестите четки.**

Редоследот на монтажата може да се види на графичката карта.

**Сечење на метал**

- ▶ **За сечење на метал со композитен диск за сечење или со дијамантски диск за сечење секогаш користете ја заштитната хауба за сечење (13) одн. заштитната хауба за брусење (11) со монтиран поклопец за сечење (15).**
- ▶ **При употребата на заштитна хауба за брусење (11) за сечење со композитен диск за сечење постои голем ризик да бидете изложени на искри и честички како и делови од дискот при кршење на дискот.**

При сечењето со брусни плочи секогаш работете со умерено поместување нанапред по материјалот. Не правете притисок на брусната плоча за сечење, не навалувајте и не осцилирајте.

Не ги блокирајте брусните плочи за сечење што излегуваат со страничен противпритисок.



Електричниот алат секогаш мора да се води во спротивен правец на движење. Инаку постои опасност, тој **неконтролирано** да се истисне од резот. При сечење на профили и четириаголни цевки, најдобро е да поставите на најмалиот пресек.

**Сечење на камен**

- ▶ **За сечење на метал со композитен диск за сечење или со дијамантски диск за сечење за камен/бетон секогаш користете ја хаубата за всисување при сечење со лизгачки водилки (27) или заштитната хауба за сечење (13) или заштитната хауба за брусење (11) со монтиран поклопец за сечење (15)**.
- ▶ **При сечењето во камен погрижете се за доволно вшмукување на правта.**
- ▶ **Носете маска за заштита од прав.**
- ▶ **Електричниот алат смее да се користи само за сечење/брусење на суви материјали.**
- ▶ **При употребата на заштитна хауба за сечење (13), заштитната хауба за брусење (11) или заштитната хауба за брусење (11) со монтиран поклопец за сечење (15) за сечење и брусење во бетон или ѕидни конструкции, постои зголемена изложеност на прашина и зголемен ризик од губење контрола над електричниот алат, што може да доведе до повратен удар.**

За сечење на камен најдобро е да употребите дијамантска брусна плоча за сечење.

При употребата на капакот за всисување за сечење со лизгачки водилки **(27)** треба да се почитуваат упатствата за намалување на прашината (види „Намалување на прашината“, Страница 17).



Вклучете го електричниот алат и поставете го со предниот дел на лизгачките водилки на делот што се обработува. Поместувајте го електричниот алат со умерено движење по материјалот што се обработува.

При сечење на особено цврсти материјали на пр. бетон со чакал, дијамантскиот диск за сечење може да се прегрее и да се оштети. Венецот од искри кој кружи околу дијамантскиот диск за сечење јасно укажува на тоа.

Во таков случај прекинете го процесот на сечење и оставете го кратко дијамантскиот диск за сечење во празен од при највисок број на вртежи, за да се олади.

Значителното попуштање во работата и венецот од искри кој кружи се знаци за отапена дијамантска брусна плоча. Може повторно да ја наострите со кратки резови во абразивен материјал, на пр. силикатен камен.

**Сечење на други материјали**

▶ **При сечење на други материјали како пластика,композитен материјал итн. со композитен диск за сечење или карбиден диск за сечење Carbide Multi Wheel секогаш користете ја заштитната хауба за сечење (13) или заштитната хауба за брусење (11) со монтиран поклопец за сечење (15). Со користењето на хаубата за всисување со лизгачки водилки (27) ќе постигнете подобар резултат од всисувањето прав.**

**Работење со дијамантска крунеста бургија**

▶ **Користете само сува дијамантска крунеста бургија.**

▶ **При работењето со дијамантската крунеста бургија секогаш монтирајте ја заштитата за рацете (19).**

Не поставувајте ја дијамантската крунеста бургија паралелно на делот што се обработува. Навалете се во делот што се обработува под агол и со кружни движења. Ова ви овозможува да постигнете оптимално ладење и подолг работен век на дијамантската крунеста бургија.

**Напомени за статиката**

Процепите во носечките ѕидови подлежат на прописите специфични за земјата. Мора задолжително да се придржувате до овие прописи. Пред почетокот на работата повикајте го одговорниот статичар, архитект или надлежните градежни раководители за да се советувате.

## Ставање во употреба

При работа на електричниот алат со мобилни произведувачи на струја (генератори), кои не располагаат со доволно резерви на јачина, одн. не располагаат со соодветна регулација на јачина, може да дојде до губење на јачината или нетипично однесување при вклучување.

Ве молиме внимавајте на погодноста на производителот на струја, особено во поглед на мрежниот напон и фреквенција.

▶ **Внимавајте на електричниот напон!** Напонот на струјниот извор мора да одговара на оној кој е наведен на спецификационата плочка на електричниот алат.

**Вклучување/исклучување (GWX 14-125 S / GWX 17-125 S)**

За **ставање во употреба** на електричниот алат, лизнете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(4)** нанапред.

За **фиксирање** на прекинувачот за вклучување/исклучување **(4)** притиснете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(4)** нанапред надолу додека не се вклопи.

За да го **исклучите** електричниот алат, ослободете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(4)** одн. доколку тој е блокиран, кратко притиснете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(4)** наназад надолу и потоа ослободете го.

▶ **Пред употребата проверете ги алатите за брусење. Алатот за брусење мора да биде монтиран беспрекорно и да може слободно да се врти. Направете проба од најмалку 1 минута без оптоварување. Не користете оштетени, нетркалезни или алати за брусење што вибрираат.** Оштетените алати за брусење може да пукнат и да предизвикаат повреди.

**Вклучување/исклучување (GWX 17-125 PSB)**




За **ставање во употреба** на електричниот алат, најпрво притиснете ја наназад рачката за ослободување **(8)** и потоа притиснете го нагоре прекинувачот за вклучување/исклучување **(4)**.

За да го **исклучите**, електричниот алат, отпуштете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(4)**.

▶ **Пред употребата проверете ги алатите за брусење. Алатот за брусење мора да биде монтиран беспрекорно и да може слободно да се врти. Направете проба од најмалку 1 минута без оптоварување. Не користете оштетени, нетркалезни или алати за брусење што вибрираат.** Оштетените алати за брусење може да пукнат и да предизвикаат повреди.

# Одржување и сервис

## Одржување и чистење

▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**

▶ **Одржувајте ја чистотата на електричниот апарат и отворите за проветрување, за да може добро и безбедно да работите.**

▶ **При екстремни услови на примена, доколку е возможно секогаш користете уред за всисување. Издувувајте ги почесто отворите за проветрување и приклучете заштитен прекинувач за диференцијална струја (PRCD).** При обработка на метали, во внатрешноста на електричниот алат може да се собере спроводлива прав. Може да се оштети заштитната изолација на електричниот алат.

Складирајте и третирајте го приборот со внимание.

Доколку е потребно користење на приклучен кабел, тогаш набавете го од **Bosch** или специјализирана продавница за **Bosch**-електрични алати, за да избегнете загрозување на безбедноста.

- **Редовно чистете ги отворите за проветрување на вашиот електронски алат.** Вентилаторот на моторот влече прав во куќиштето, а собирањето на голема количина на метална прав може да предизвика електрични опасности.

## Сервисна служба и совети при користење

**Северна Македонија**

Тел.: 02/ 246 76 10

Линкот до нашите адреси за сервис и гарантни услови може да ги најдете на последната страница.

За сите прашања и нарачки на резервни делови, Ве молиме наведете го 10-цифрениот број од спецификационата плочка на производот.

## Отстранување

Електричните алати, опремата и амбалажите треба да се отстранат на еколошки прифатлив начин.



Не ги фрлајте електричните алати во домашната канта за отпадоци!

**Само за земјите од ЕУ:**

Електричната и електронската опрема што веќе не е употреблива мора да се собира посебно и да се фрла на еколошки начин. Користете ги соодветните системи за собирање. Неправилното фрлање може да биде штетно за животната средина и здравјето на луѓето поради можното присуство на опасни материи.


X LOCK
ø 22,23 mm
X LOCK





| | | | |
|---|---|---|---|
|  | **Soft ≥ P60** | ø 125 mm | 2 608 601 714 |
|  | **Medium P36 to P80** | ø 125 mm | 2 608 601 715 |
|  | **Hard ≤ P50** | ø 125 mm | 2 608 601 716 |


X LOCK
ø 22,23 mm
1 602 025 024
1 601 329 013
2 608 900 000
1 601 329 013
Ø 125 mm 1 605 510 365
Ø 125 mm 2 605 510 257
Ø 125 mm 2 608 000 756
Ø 115 mm 2 608 000 754
Ø 125 mm 2 608 000 757
Ø 125 mm 1 600 A00 3DJ
Ø 125 mm 1 600 A00 3DK
2 607 432 053
(GWX 14-125 S / GWX 17-125 S)
1 600 793 007
2 608 000 824
(GWX 17-125 PSB)
Ø 115/125 mm 2 605 510 264



2 605 438 170



1 600 A01 2G0



1 600 A00 2WK







Ø 35 mm:
2 608 000 569 (3 m)
2 608 000 565 (5 m)




Ø 35 mm:
2 608 000 570 (3 m)
2 608 000 566 (5 m)



GAS 35 M AFC



GAS 55 M AFC

# Legal Information and Licenses

## Copyright © 2020, Microchip Technology Inc. and its subsidiaries ("Microchip")

All rights reserved.

This software is developed by Microchip Technology Inc. and its subsidiaries ("Microchip").

Redistribution and use in source and binary forms, with or without modification, are permitted provided that the following conditions are met:

- Redistributions of source code must retain the above copyright notice, this list of conditions and the following disclaimer.
- Redistributions in binary form must reproduce the above copyright notice, this list of conditions and the following disclaimer in the documentation and/or other materials provided with the distribution.
- Microchip's name may not be used to endorse or promote products derived from this software without specific prior written permission.

THIS SOFTWARE IS PROVIDED BY MICROCHIP "AS IS" AND ANY EXPRESS OR IMPLIED WARRANTIES, INCLUDING, BUT NOT LIMITED TO, THE IMPLIED WARRANTIES OF MERCHANTABILITY AND FITNESS FOR PURPOSE ARE DISCLAIMED. IN NO EVENT SHALL MICROCHIP BE LIABLE FOR ANY DIRECT, INDIRECT, INCIDENTAL, SPECIAL, EXEMPLARY, OR CONSEQUENTIAL DAMAGES (INCLUDING BUT NOT LIMITED TO PROCUREMENT OF SUBSTITUTE GOODS OR SERVICES; LOSS OF USE, DATA OR PROFITS; OR BUSINESS INTERRUPTION) HOWSOEVER CAUSED AND ON ANY THEORY OF LIABILITY, WHETHER IN CONTRACT, STRICT LIABILITY, OR TORT (INCLUDING NEGLIGENCE OR OTHERWISE) ARISING IN ANY WAY OUT OF THE USE OF THIS SOFTWARE, EVEN IF ADVISED OF THE POSSIBILITY OF SUCH DAMAGE.

## Warranty Disclaimer

This product contains Open Source Software components which underly Open Source Software Licenses. Please note that Open Source Licenses contain disclaimer clauses. The text of the Open Source Licenses that apply are included in this manual under "Legal Information and Licenses".

Servicekontakte
Service Contacts
Contacts de Service
Contactos de Servicio

https://www.bosch-pt.com/serviceaddresses

Garantiebedingungen
Guarantee Conditions
Conditions de Garantie
Condiciones de Garantía

https://www.bosch-pt.com/guarantee/202507